# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

1 февруари 2021 | Излегува по потреба | Година XVI | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-420/1**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 14/20), а во врска со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година, бр.40-1458/1 од 26.01.2021 година (Службен весник на РСМ" бр.21/21), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општинската администрација на Општина Гази Баба за 2021 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2021 година.

**Број 09-194/3**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца во Општина Гази Баба, за 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-420/2**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 14/20), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2021 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Одлуката да се достави до јавната установа за деца - детска градинка "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје и јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2021 година.

**Број 09-194/4**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 21, БЛОК 04, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-420/3**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ "бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ. "бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 21, БЛОК 04, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 год. ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планиирање ("Службен весник на РМ. "бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ "бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **9,679 ха** кој е во рамките на следните граници:

- **На северозапад:** се движи по осовината на Новопроектираната сервисна улица С5 (Улица "Алија Авдовиќ"), продолжува по осовината на Новопроектираната сервисна улица "С6" и по осовина на Новопланираната сервисна улица "С7";
- **На југ:** поминува по осовината на Магистрална улица (Улица "Антон Попов");
- **На североисток:** границата на плански опфат на С21 Блок 04 се поклопува со границата на ГУП Скопје 2012-2022.

Границата на планскиот опфат претставува затворена полигонална линија со следните прекршочни точки:

| | |
|---|---|
| 1. X=7543075.52 Y=4652408.39 | |
| 2. X=7543016.07 Y=4652424.95 | |
| 3. X=7543015.44 Y=4652422.83 | |
| 4. X=7543002.27 Y=4652422.40 | |
| 5. X=7542977.22 Y=4652431.74 | |
| 6. X=7542886.57 Y=4652485.88 | |
| 7. X=7542873.62 Y=4652493.31 | |
| 8. X=7542854.51 Y=4652499.26 | |
| 9. X=7542835.19 Y=4652504.78 | |
| 10. X=7542823.94 Y=4652507.54 | |
| 11. X=7542821.19 Y=4652509.66 | |
| 12. X=7542801.25 Y=4652467.00 | |
| 13. X=7542791.55 Y=4652446.26 | |
| | a. испапченост -0.01 |
| | b. центар X=7542248.03 Y=4652700.40 |
| | c. радиус 600.00 |
| | d. почетен агол 334d56'23'' |
| | e. краен агол 331d59'28'' |
| 14. X=7542777.76 Y=4652418.64 | |
| 15. X=7542713.48 Y=4652297.80 | |
| | a. испапченост 0.01 |
| | b. центар X=7543243.21 Y=4652016.04 |
| | c. радиус 600.00 |
| | d. почетен агол 151d59'28'' |
| | e. краен агол 153d41'53'' |
| 16. X=7542705.33 Y=4652281.90 | |
| | a. испапченост 0.01 |
| | b. центар X=7543243.21 Y=4652016.04 |
| | c. радиус 600.00 |
| | d. почетен агол 153d41'53'' |
| | e. краен агол 156d35'45'' |
| 17. X=7542692.57 Y=4652254.37 | |
| 18. X=7542863.33 Y=4652224.86 | |
| | a. испапченост 0.07 |
| | b. центар X=7542868.44 Y=4652254.42 |
| | c. радиус 30.00 |
| | d. почетен агол 260d11'45'' |
| | e. краен агол 276d6'12'' |
| 19. X=7542871.63 Y=4652224.59 | |
| 20. X=7542903.92 Y=4652143.63 | |
| 21. X=7542944.18 Y=4652159.50 | |
| 22. X=7543196.66 Y=4652259.47 | |

| | |
|---|---|
| 23. | X=7543191.44 Y=4652267.85 |
| 24. | X=7543135.81 Y=4652322.62 |
| 25. | X=7543127.96 Y=4652333.45 |
| 26. | X=7543107.36 Y=4652373.57 |
| 27. | X=7543098.24 Y=4652371.45 |
| 28. | X=7543088.04 Y=4652400.54 |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба-Скопје, со тех.бр.08-03-09/2019 од октомври 2020 година, изработен од Друштво за трговија производство, градежништво, услуги и консалтинг "ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ Скопје, содржи:

**СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА.................................... 10
ОПШТ ДЕЛ..................................................................................... 12
ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНА ИНИЦИЈАТИВА
ЗА ИЗМЕНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН............................ 12
ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА............................. 13

1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА................................................... 14
1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ 14
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА..................... 16
3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ.................................... 17
4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ......... 21
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА........................ 22
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ............................................................ 22
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА........................................................................ 23
8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН.......................................... 23
9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ.................................................................. 27
10. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА............................................ 29
11. НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ............................................................ 30

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

Документациона основа

1. ИЗВОД ОД ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СКОПЈЕ 2012 – 2022 ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С21-ПЛАН НА НАМЕНА НА ПОВРШИНИ НАМЕНСКИ ЗОНИ .......................... 1:5000
2. ИЗВОД ОД РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 2012 – 2022, ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 21, БЛОК С 21.04 – ПЛАН НА НАМЕНА НА ПОВРШИНИ-НАМЕНСКИ ЗОНИ.......................... 1:2500
3.1 ИЗВОД ОД ДУП ЗА МЗ ЈАНЕ САНДАНСКИ ЛОКАЛИТЕТ МЕТОДИЈ АНДОНОВ ЧЕНТО........................................................... 1:1000

3.2 ИЗВОД ОД ДУП ЗА (ИЗМЕНА И ДОПОЛНА) ДЕЛ ОД МЗ ЈАНЕ САНДАНСКИ ПОМЕЃУ УЛИЦА АЛИЈА АВДОВИЌ, УЛИЦА ХРИСТОФЕР ЖЕФАРОВИЌ, УЛИЦА ХРИСТО ТАТАРЧЕВ И АНТОН ПОПОВ........ 1:1000
3.3 ИЗВОД ОД ДУП ЗА МЗ ЈАНЕ САНДАНСКИ........ 1:1000
3.4 ИЗВОД ОД ОКОЛЕН ДУП ЗА МЗ КРСТЕ МИСИРКОВ........ 1:1000
3.5 ИЗВОД ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ ЈАНЕ САНДАНСКИ ПОМЕЃУ УЛИЦА АЛИЈА АВДОВИЌ, УЛИЦА КОНСТАНТИН ПЕТКОВИЌ И ТОМАС МИНЦЕР........ 1:1000
3.6 ИЗВОД ОД ОПШТ АКТ ЗА С.СИНГЕЛИЌ
3.7 ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ОД ОКОЛНИ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ........ 1:1000
4. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА 21, БЛОК С 21.04........ 1:1000
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ПОСТОЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА.... 1:1000
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ПОСТОЈНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА........ 1:1000

**СОДРЖИНА НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

СОГЛАСНОСТИ ОД ИНСТИТУЦИИ И КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 40
2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА........ 41
1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ. 41
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ........ 43
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА........ 45
4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА........ 57
5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ........ 69
6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ........ 76
3. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ........ 308
1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ........ 308
2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ........ 316

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

Планска документација

1. План намена на намена на земјиштето и градбите........ 1 : 1000
2. План на регулација и површини за градба........ 1 : 1000
3. Сообраќаен и нивелациски план........ 1 : 1000
4. Комунална инфраструктура........ 1 : 1000
5. План на зеленило........ 1 : 1000
6. Синтезен приказ........ 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-194/5**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНО
ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-420/4
од 01.02.2021 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 43, 44 и 45 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот како посебно тело на Општина Гази Баба (во понатамошниот текст: партиципативно тело) и се утвдува неговата надлежност и состав.

**Член 2**

Партиципативно тело од членот 1 на оваа одлука се формира заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање и истото ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија

**Член 3**

Партиципативно тело се состои од 10 (десет) члена, и тоа:

- **БЛАГИЦА БЛАЖЕВСКА** - комисија за урбанизам на Општина Гази Баба;
- **СТОЈКА ДОЛИЌОСКА** - комисија за урбанизам на Општина Гази Баба;
- **БЛАГОРОДНА ИЛИЌ** - комисија за урбанизам на Општина Гази Баба;
- **ИСКРА ЕФРЕМОВА** - комисија за урбанизам на Општина Гази Баба;
- **ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА-ГИГОВ** - комисија за урбанизам на Општина Гази Баба;
- **ЈОВАН ХРИСТОСКИ** - комисија за урбанизам на Општина Гази Баба;
- **СТРАШО ГАЛАЧЕВ** - претставник од УЗ "Автокоманда";
- **ГОРИЦА КИПРИЈАНОВСКА** - претставник од УЗ "Крсте Мисирков";
- **СЛАЃАНА СТАМЕНКОВА** - претставник од здружение на граѓани; и
- ***стручно лице** - вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план предмет на расправа.

**Член 4**

Мандатот на членовите на партиципативното тело е 4 (четири) години од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Начинот на работата на партиципативното тело се уредува со Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба, што го донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Партиципативното тело од своите редови избира претседател и заменик претседател во постапка утврдена со Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/10).

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-194/6**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Деловникот за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-420/5**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 46 став (7) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ. "бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

## Д Е Л О В Н И К

## ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

(1) Со овој деловник се уредуваат начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба (во понатамошниот текст: партиципативното тело), како и други прашања од надлежноста на партиципативното тело.

### Член 2

(1) Целите на партиципативното тело се да ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општината, да ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, да ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

(2) Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

(3) Работата на партиципативното тело е јавна.

### Член 3

(1) Партиципативното тело го формира Советот на Општина Гази Баба на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања а по претходна иницијатива на Градоначалникот на Општина Гази Баба, на начин и постапка утврдени во Статутот на Општина Гази Баба и согласно одредбите од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20).

### Член 4

(1) Партиципативното тело има најмалку 5 члена, а горна граница на бројот на членови не се утврдува.

(2) Моменталниот вкупен број на членови се констатира со одлуката на Советот на Општина Гази Баба за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот во Општина Гази Баба или соодветна одлука за изменување и дополнување на одлуката со која се менува составот на партиципативното тело.

(3) Членови на партиципативното тело се:

- сите членови на комисијата за урбанизам на Општина Гази Баба, назначени со посебно решение од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба. Секоја измена на составот на комисијата за урбанизам соодветно се одразува и на составот на партиципативното тело.
- Стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа.

- доброволно пријавени лица - претставници од урбаните и месни заедници во Општина Гази Баба. Дозволено е повеќе урбани заедници и месни заедници да имаат заеднички член кој ќе ги претставува, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

(4) Учеството на лицата вработени во Општина Гази Баба во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во општината учеството е на доброволна основа.

(5) За работата на партиципативното тело не следува надоместок.

**Член 5**

(1) Мандатот на членовите на партиципативното тело е 4 години.

(2) За вклучување во работата на доброволно пријавени лица, општината објавува јавен оглас на веб страната на Општина Гази Баба како и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место (на огласна табла на Општина Гази Баба) во траење од 30 дена.

(3) Доброволно пријавените лица чии што пријави се прифатени стануваат членови на партиципативното тело.

(4)Доброволно пријавените лица кои станале членови на партиципативното тело можат своето членство да го повлечат, за што писмено го известуваат Советот на Општина Гази Баба.

(5) Доброволно пријавените членови на партиципативното тело кои нема да се одзиваат на повиците, не присуствуваат на седниците и не учествуваат активно во работата на партиципативното тело можат да бидат разрешени од страна на Советот на Општина Гази Баба.

(6) Во случаите од став (4) и став (5) на овој член, советот донесува соодветна одлука за структурата на партиципативното тело.

**Член 6**

(1) Партиципативното тело работи на јавни седници.

(2) Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на 2 (два) месеци.

(3) Работата на партиципативното тело е јавна.

(4) Седниците на партиципативното тело ги свикува и со истите раководи претседателот, а во случај на негова спреченост заменик претседателот.

(5) Повиците за одржување на седницата, заедно со предлог на дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија), се доставуваат до сите членови на партиципативното тело најдоцна 3 (три) дена пред одржување на седницата.

(6) Седницата на партиципативното тело може да се одржи ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.

(7) Партиципативното тело одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.

(8) На седниците на партиципативното тело можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, без право на одлучување.

**Член 7**

(1) За работата на седницата на партиципативното тело се води записник.

(2) Записникот го води службеник од надлежниот сектор за урбанизам и градежно земјиште во општинската администрација, определено од претседателот или заменик претседателот на партиципативното тело.

(3) Донесените заклучоци и мислења од расправата се изготвуваат во писмена форма.

(4) Примероци од материјалите од ставовите (2) и (3) на овој член се доставуваат до Градоначалникот на Општина Гази Баба и до секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 8**

(1) Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Гази Баба на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови и донесување на урбанистички планови, донесување на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Гази Баба и усвојување на извештај за состојбите во просторот.

(2) На седниците на Советот на Општина Гази Баба, партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења.

(3) Презентирање на мислењата на партиципативното тело на седниците на Советот на Општина Гази Баба по правило ги врши претседателот на партиципативното тело или во случај на негова спреченост заменик претседателот.

(4) Во случај на различни мислења помеѓу членовите на партиципативното тело, и членовите чии мислења и заклучоци не биле донесени со мнозинство на гласови од страна на партиципативното тело или кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови, имаат право да присуствуваат на седниците на Советот на Општина Гази Баба и да ги презентираат своите издвоени мислења.

**Член 9**

(1) Претседател на партиципативното тело се избира од редот на членовите на комисијата за урбанизам на Општина Гази Баба, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

(2) Претседателот на партиципативното тело:

- ја координира работата на партиципативното тело;
- ги свикува седниците на партиципативното тело;
- го утврдува дневниот ред на седниците на партиципативното тело;
- ги презентира мислењата и заклучоците на партиципативното тело пред Градоначалникот и Советот на Општина Гази Баба.

**Член 10**

(1) Заменик претседателот на партиципативното тело е од редовите на доброволно пријавените лица за членови на партиципативното тело на Општина Гази Баба и се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

(2) Во случај на времена спреченост на претседателот, заменик претседателот на партиципативното тело ги извршува сите работи од надлежност на претседатолот, сè до престанување на спреченоста.

**Член 11**

(1) Овој деловник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-194/7**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-420/6**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**П Л А Н**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 -**

**Член 1**

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/13, 12/14 и 12/18), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | Ознака на буџетска програма | ФА |
| Развојна потпрограма | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) ВО Н.М. ХИПОДРОМ II | Ознака на развојна потпрограма | ФАО |
| Лице за контакт | Сашо Трајков | тел. и факс | 003892 322 66 55 / 3215 112 |
| Функција: | Раководител на сектор за локален економски развој и информациско-комуникациски развој | E-mail | contact@gazibaba.gov.mk |
| Адреса: | ул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба | | |

| | ОПИС |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на новите жителите на новата урбана населба Хиподром, преку изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура која е во надлежност на општината до крајот на 2023 год.; Да се создадат комунални и сообраќајни предуслови за развој на новата резидентна населба Хиподром II; Заштита на животната средина и здравјето на новите жители на Хиподром II; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура; |
| **Планирани активности** | 1 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 2 - Добивање на одобрение за градба; 3 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 4 - Изградба на секундарна комунална инфраструктура и локални улици во периодот 2021 - 2023 следејќи ја динамиката на градење на сопствениците на градежни парцели во Хиподром II; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати | 1- Изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура до крајот на 2023 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на локацискиот и градежен потенцијал во новата резидентна населба Хиподром II од страна на домашните и странските инвеститори; 3 - Создавање на буџетски услови за следење на динамиката на градење на сопствениците на градежежно земјиште и градежни парцели во резидентната населба Хиподром II. | | | |
| Ризик и претпоставки | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Подземните води во процесот на изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура; 3 - Намалената динамика на градење на сопствениците на градежно земјиште и парцели; 4 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура ; | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Декември 2021 година | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2023 година | | | |
| Вкупна вредност | 60.000.000,00 | | | |
| Име на студија | | | | |
| Ниво на студија* | ГП | | | |
| Автор/Фирма, Седиште | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | 2008 година | | | |
| | | 2021 | 2022 | 2023 |
| Индикатори | реализирани буџетски средства | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект

ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2019 | Предвидени расходи 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Динамика за финансирање | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (630) | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Буџетско учество | С | 60.000.000 | | | 20.000.000 | 20.000.000 | 20.000.000 | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Влада на РМ ** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупно заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Вкупно | | 60.000.000 | 0 | 0 | 20.000.000 | 20.000.000 | 20.000.000 | 0 |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.

Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)*

**Член 2**

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-194/8**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-420/7**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр 275/19), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година, бр.02-24/3 од 18.01.2021 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година, бр.02-24/3 од 18.01.2021 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-194/9**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-420/8**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19), член 15 од Законот за извршување на Буџетот на Република С.Македонија за 2021 година ("Службен весник на РСМ" бр.307/20) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/20), членот 13 се менува и гласи:

''Дневницата за службено патување во земјата се исплаќа а се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 700,00 денари ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 350,00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

Надоместокот за дневница за службено патување надвор од земјата ќе се исплаќа во износ од:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.''

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-194/10**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ
МАКСИМУМ ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-420/9**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за платниот промет (''Службен весник на РМ'' бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17, 7/19 и "Службен весник на РСМ" бр.31/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува благајничкиот максимум за 2021 година, во износ од 120.000,00 денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден од денот на наплатата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-194/11**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ВОСПОСТАВЕНА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ГРАДОТ СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ НА КУЧИЊА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.01.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-420/10**
**од 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 4 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка (''Службен весник на РМ'' бр.79/09), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните (''Службен весник на РМ'' бр.149/14, 149/15 и 53/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.16/20), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и осмата седница одржана на 28.01.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ВОСПОСТАВЕНА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ГРАДОТ СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ НА КУЧИЊА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба ја прифаќа меѓуопштинската соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје, воспоставена со Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.16/20) донесена од Советот на Град Скопје, со која се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес при заедничко вршење на работи од заедничка надлежност која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на Град Скопје.

### Член 2

Општина Гази Баба, Градот Скопје и општините во градот Скопје во остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 од оваа одлука, заедничката надлежност, која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на Град Скопје, ќе ја вршат на начин утврден со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.16/20), донесена од Советот на Град Скопје.

### Член 3

Градот Скопје ќе учествува во меѓуопштинската соработка со обезбедување трајно и квалитетно вршење на заедничката надлежност утврдена во член 1 на оваа одлука на целото подрачје на градот Скопје преку Јавното претпријатие ''Лајка'' - Скопје и со предвидени финансиски средства за таа намена во Буџетот на Град Скопје за секоја буџетска година.

### Член 4

Општина Гази Баба ќе учествува во меѓуопштинската соработка со предвидени финансиски средства во износ од 2.000.000,00 денари за намената утврдена во член 1 од оваа одлука, кои се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гази Баба за секоја буџетската година и истите ќе ги уплатува на сметка на Јавното претпријатие ''Лајка'' - Скопје на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати во износ од 166.667,00 денари.

**Член 5**

Времетраењето на заедничкото вршење на работите од заедничка надлежност и превземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје се утврдува за период додека е во правна сила и примена оваа одлука и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.16/20), донесена од Советот на Град Скопје.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, градоначалниците на општините во градот Скопје и директорката на Јавното претпријатие ''Лајка'' - Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, со кој поблиску ќе се уредат прашањата за начинот и условите за вршење на заедничката надлежност, начинот на исплата на финансиските средства и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-194/12**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година . . . . 4

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2021 година . . . . 6

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје . . . . 8

**ОДЛУКА** за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба . . . . 14

**ДЕЛОВНИК** за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба . . . . 17

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 . . . . 21

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година . . . . 27

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година . . . . 29

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2021 година . . . . 31

**ОДЛУКА** за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје . . . . 33



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 1/21**
**48 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци